Уп. бр. 08-

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Рубикс Груп Интернешенл Лимитед со регистрирана канцеларија лоцирана во Акурист Хаус, улица Бејкер бр. 44, Лондон, Англија, доставено преку полномошник Мартин Иванов Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 15.01.2026 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Рубикс Груп Интернешенл Лимитед со регистрирана канцеларија лоцирана во Акурист Хаус, улица Бејкер бр. 44, Лондон, Англија, има намера да стекне директна единствена контрола над Алл4Тецх ДОО Белград, со регистрирана канцеларија лоцирана на Љубана Једнака 1, поштенски код 11010 Воздовац-Белград, Србија, и Алл4Тецх ДООЕЛ Скопје, со регистрирана канцеларија лоцирана на ул. Перо Наков бр. 122А-1/кат 4, Скопје, Северна Македонија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 10.12.2025 година, а дополнето на 22.12.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Рубикс Груп Интернешенл Лимитед со регистрирана канцеларија лоцирана во Акурист Хаус, улица Бејкер бр. 44, Лондон, Англија, со која Рубикс Груп Интернешенл Лимитед, има намера да стекне директна единствена контрола над Алл4Тецх ДОО Белград, со регистрирана канцеларија лоцирана на Љубана Једнака 1, поштенски код 11010 Воздовац-Белград,

Србија, и Алл4Тецх ДООЕЛ Скопје, со регистрирана канцеларија лоцирана на ул. Перо Наков бр. 122А-1/кат 4, Скопје, Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Рубикс Груп Интернешенл Лимитед е претпријатие кое е дел од групација на претпријатија управувани или советувани од Адвент Интернешенл Корпорејшн (*Advent International Corporation*), со регистрирано седиште во Пруденшал Тауер, улица Бојлстон бр. 800, Бостон, МА 02199-8069 САД .

Адвент Интернешенл Корпорејшн е еден од најголемите и најискусни глобални инвеститори во приватен капитал. Адвент се фокусира на инвестиции во пет клучни сектори, имено бизнис и финансиски услуги; здравство; индустриски; малопродажба, потрошувачка и рекреација; и технологија, медиуми и телекомуникации.

Адвент Интернешенл Корпорејшн не е присутен во Северна Македонија преку ниту едно контролирано портфолио друштво.

Рубикс Груп Интернешенл Лимитед нема поврзани субјекти во Северна Македонија, но генерира промет од продажба на производи и услуги за индустриско одржување, поправка и ремонт.

Алл4Тецх ДОО Белград е со основна дејност - неспецијализирана трговија на големо.

Алл4Тецх ДООЕЛ Скопје е со основна дејност - трговија на големо со други машини и опрема.

Алл4Тецх ДОО Белград и Алл4Тецх ДООЕЛ Скопје дистрибуираат производи и услуги за индустриско одржување, поправка и ремонт во Србија и Северна Македонија. Од 2022 година дејствуваат како партнер и дистрибутер на Рубикс Груп Интернешенл Лимитед во двете земји, фокусирајќи се на промоција и продажба на производи главно од портфолиото на Рубикс Груп Интернешенл Лимитед.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 в) ii) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**